ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKË RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr 02-5686/2
19 10 2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 6 точка 3 од Деловникот на Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта - Скопје,Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на својата деветта седница,одржана на ден 19 октомври 2022 година, го донесе следното

**М И С Л Е Њ Е**

По разгледувањето на Тримесечниот извештај за работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за период 07 до 09 месец 2022 година,изготвен од страна на стручните служби на претпријатието,како и дискусијата по однос на оваа точка од дневниот ред, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта – Скопје едногласно даде **позитивно мислење** за истиот.

Исто така, Надзорниот одбор за контрола на материјално - финансиското работење на ЈП Улици и Патишта – Скопје предлага до Управниот одбор на ЈП Улици и Патишта – Скопје да донесе одлука за усвојување на Тримесечниот извештај од работењето на ЈП Улици и патишта Скопје за период 07 до 09 месец 2022 година.

Надзорен одбор за контрола на материјално-

финансиско работење

Претседател

Сашо Апостолоски

ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGICA
Бр.-Nr. 02-5734/3
20.10.2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 19 точка 2 од Законот за јавни претпријатија, член 27 став 1 точка 5 од Статутот на ЈП Улици и патишта-Скопје и Мислењето на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиско работење бр.02-5696/2 од 19.10.2022 година, Управниот одбор на четрнаесеттата седница, одржана на 20 октомври 2022 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА-Скопје ЗА ПЕРИОД ОД 07 до 09 месец 2022 година

I

Се усвојува Тримесечниот извештај од работењето на ЈП Улици и патишта-Скопје, за период од 07 до 09 месец 2022 година.

II

За реализација на оваа Одлука ќе се погрижи секторот за Финансии кој се задолжува Извештајот, согласно Статутот и Законот за јавни претпријатија да го достави до надлежните сектори во Град Скопје на разгледување.

III

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје,
20 октомври 2022 година

**УПРАВЕН ОДБОР**
**Претседавач**
**Александар Маневски**

... УЛИЦИ И ПА...
NDËRMARRJES PUBLIKE RRUGË DHE RRUGIC...
Бр.-Nr. 05-5736/1
20.10.22 год.-vit
СКОПЈЕ SHKUP

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

## со показатели за финансиското работење за период од јули до септември 2022 година

## на ЈП Улици и патишта Скопје

**Скопје, октомври 2022 г**

***ВОВЕД***

Јавното претпријатие Улици и патишта има својство на правно лице и во правниот промет со трети лица настапува во свое име и за своја сметка и за обврските одговара со целиот имот со кој располага.

Седиштето на Јавното претпријатие е во Скопје на ул.Коле Неделковски број 38.

## *1. <u>ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ</u>*

### *1.1. Дејност*

Дејностите на Јавното претпријатие Улици и патишта Скопје согласно регистрацијата во Централен регистер и Статутот на Претпријатието се:

**42.11 Изградба на патишта и автопати**

Заради извршување на својата приоритетна дејност Претпријатието ги врши следните активности:

- Изградба,реконструкција и одржување на автопати,улици,патишта и други велосипедски и пешачки патеки;
- Изградба на коловозна конструкција на улици,патишта ,надвозници и др.;
- Изработка на тротоари;
- Обележување на патишта и други ознаки ;
- Поставување на заштитни огради,сообраќајни знаци и сл.;
- Изградба на аеродромски писти;
- Одржување на сообраќајна сигнализација;
- Одржување на улици и сообраќајници во зимски услови;

Во рамките на предметот на работењето Претпријатието ќе ги врши и следните дејности:

- 08.12 Вадење на чакал и песок;
- 08.99 Останато рударство и вадење на камен неспомнато на друго место;
- 23.61 Производство на производи од бетон за градежни цели;
- 42.91 Изградба на хидроградежни објекти;
- 42.99 Изградба на други објекти од нискоградба неспомнати на друго место
- 43.11 Уривање;
- 43.12 Подготвителни работи на градилиште;
- 43.29 Други градежно – инсталатерски работи;
- 45.20 Одржување и поправка на моторни возила;
- 71.12 Инженерство и со него поврзано техничко советување;
- 96.03 Погребни и слични дејности

### *1.2. Организација*

Организационата поставеност на Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје е уредена со посебен акт Правилник за внатрешна организација на ЈП Улици и патишта Скопје, според кој Претпријатието го сочинуваат следните организациони единици (во форма на Сектори и Одделенија):

- Самостојно одделение за внатрешна ревизија

- Самостојно одделение за јавни набавки
- Сектор Одржување и изградба на сообраќајници
- Сектор Сообраќај
- Сектор Механизација
- Сектор Техничка подготовка и развој
- Сектор Финансиско работење
- Сектор Општи, правни работи и човечки ресурси

Секој Сектор се дели на соодветен број одделенија кои дејствуваат како единствена целина во рамките на Претпријатието и немаат својство на правни лица.

Со организационите единици (сектори) раководат раководители кои ги поставува директорот на Јавното Претпријатие.

На 30.09.2022 г во Претпријатието се вработени 245 работници (на 30.09.2021 бројот е 240).

### *1.3.Финансиско работење*

Целокупното материјално и финансиско работење во периодот од јули до септември 2022 година Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје го извршува преку 8 (осум) сметки отворени во деловните банки и тоа 5(пет) денарски и 3 (три) девизни:

| | | |
|---|---|---|
| 300000001198471 | Комерцијална банка АД Скопје | Денарска сметка |
| 210045289640156 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | Денарска сметка |
| 500000001408079 | Стопанска банка АД Битола | Денарска сметка |
| 270045289640163 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Денарска сметка |
| 270045289640260 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Денарска сметка - наменска |
| MK07210703000003138 | НЛБ Тутунска банка АД Скопје | Девизна сметка |
| MK07270703000001011 | ХАЛКБАНК АД Скопје | Девизна сметка |
| MK07300701002863698 | Комерцијална банка АД Скопје | Девизна сметка |

Од 15.12.2021 до 28.09.2022 година овластен потписник на финансиските документи беше законскиот застапник в.д. директорот Борис Настов.

Овластен потписник на финансиските документи од 29.09.2022 година е законскиот застапник в.д. директорот **Саид Саид.**

### *1.4.Органи на управување*

Органи на управување на Јавното претпријатие "Улици и патишта" - Скопје согласно Статутот донесен на седницата одржана на 03.06.2011 година се:

- Управен одбор
- Надзорен орган за контрола на материјално – финансиското работење и
- Директор

### *1.5.Програми за работа*

Целокупното работење на ЈП Улици и патишта Скопје се одвива во согласност со **Програмите за работењето за 2022 г**.за кои согласност дава Советот на Град Скопје и тоа:

- Програма за одржување и реконструкција на сообраќајници во надлежност на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје во 2022 г.
- Програма за одржување и изведба на светлосна, хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација во 2022 г.
- Програма за одржување на магистрални и собирни улици на подрачјето на Град Скопје во зимски услови за 2021/2022 година (Зимска Служба)
- Програма за одржување на коритото на реката Вардар, нејзините притоки, отворените канали и расчистување на дивите депонии на подрачјето на Град Скопје за 2022 г.
- Програма за дополнителни активности во делот на одржувањето на коритото на реката Вардар, нејзините притоки и отворените канали на подрачјето на Град Скопје за 2022 г.

### *1.6.Закони,уредби и правилници* врз основа на кои се одвива целокупното работење на ЈП

- Закон за јавни претпријатија
- Закон за трговски друштва
- Закон за данокот на додадена вредност
- Закон за данок на добивка
- Закон за персонален данок на доход
- Закон за исплата на плати во Република Македонија
- Закон за јавни набавки
- Закон за работни односи
- МСС
- Закон за комунални дејности
- Закон за градба
- Уредба за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отпис на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните аморизациони ставки
- Правилник за сметковниот план и содржината на одделните сметки во сметковниот план
- Правилник за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот и други.

## 2. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД 01.01-30.09.2022 ГОДИНА

Во периодот 01.01.-30.09.2022 година ЈП Улици и патишта Скопје ги оствари следниве финансиски резултати:

*Табела 1*

| | **01.01.-30.09.2022** | **01.01.-30.09.2021** |
|---|---|---|
| **Вкупни приходи** | 197.133.314,00 | 286.755.661,00 |
| **Вкупни расходи** | 183.634.786,00 | 249.217.371,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Добивка** | **13.498.528,00** | | **37.538.290,00** |

**Вкупните остварени приходи** во периодот 01.01.-30.09.2022 изнесуваат 197.133.314,00 денари и се помали за 89.622.347,00 денари (намалени се за 31%) од вкупните приходи остварени во период 01.01.-30.09.2021 година кога изнесувале 286.755.661,00 денари.

**Вкупните остварени расходи** во периодот 01.01.-30.09.2022 изнесуваат 183.634.786,00 се помали за 65.582.585,00 ден (намалени се за 26%) од вкупните расходи остварени во 01.01.-30.09.2021 година кога изнесувале 249.217.371,00 ден.

Во периодот 01.01.-30.09.2022 година остварена е **добивка** во износ од **13.498.528,00** ден. и е помала за **24.039.762,00 ден** во однос на остварената добивка во истиот период во 2021 година кога изнесувала **37.538.290,00** ден.

Подетална анализа на работењето на ЈП Улици и патишта Скопје со показатели за финансиското работење за период од јули до септември 2022 година следува подолу во текстот.

## 3. ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ЈП УЛИЦИ И ПАТИШТА СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД ЈУЛИ ДО СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА

Во периодот 01.07.-30.09.2022 г остварени се вкупни приходи во износ од **74.137.025,00 ден** и вкупни расходи од **78.755.163,00 ден**. односно покажана е загуба од работењето во износ од **4.618.138,00 ден.**

Во истиот период минатата 2021 г вкупните приходи се во износ од **127.851.969,00 ден** и вкупни расходи од **119.166.129,00 ден** и остварена е добивка од работењето во износ од **8.685.840,00 ден.**

### 3.1. ВКУПНИ ПРИХОДИ

Вкупните приходи остварени за периодот од јули до септември 2022 година изнесуваат **74.137.025,00** денари и се за **53.714.944,00 ден** помали од приходите остварени за истиот период 2021 г. кога изнесувале **127.851.969,00** ден.

Реализираните приходи по разни основи за периодот од јули до септември 2022 година се прикажани во следната табела преку индексни показатели:

***Табела 2***

| Ред. број | Опис | Јули - Септември 2022 |
|---|---|---|
| **1.** | Град Скопје | 70.326.229,00 |
| **2.** | Други инвеститори | 256.745,00 |
| **3.** | Останати приходи | 3.554.051,00 |
| | **Вкупно:** | **74.137.025,00** |

Учеството на поедини видови на приходи во вкупните приходи за подобра визуелна презентација на податоците е прикажано во следниот графикон:

*Графикон 1*

**ПРИХОДИ ЗА ПЕРИОД ОД ЈУЛИ ДО СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА**




Вкупните приходи кои се реализирани во периодот од јули до септември 2022 година година се составени од приходи по налог на Град Скопје (94,86%), приходи по налог на Други инвеститори (0,35%) и останати приходи (4,79%).

**3.1.1.Приходи од редовно работење**

Приходите од редовно работење во период од јули до септември 2022 година сочинуваат **95,21 %** од вкупните приходи за тој период и изнесуваат **70.582.974,00 ден**. Приходите од редовно работење во период од јули до септември 2022 година се составени од Приходи од редовно работење по налог на Град Скопје и Приходи од редовно работење по налог на Други инвеститори. Од нив **70.326.229,00 денари** се остварени од работењето по налог на Град Скопје и тоа претставува **99,64%** од редовните приходи, а по налог на Други инвеститори остварени се приходи од редовно работење во износ од **256.745,00 денари** и тоа е незначителен процент во вкупните приходи од редовното работење.

**Приходи од продажба на услуги на Град Скопје за период од јули до септември 2022 година**

Структурата на приходите остварени од работењето по налог на Град Скопје во анализираниот период се прикажана во табелата која следи:

*Табела 3*

| Ред. бр. | Приходи (Град Скопје) | Јули-септември 2022 година |
|---|---|---|
| 1. | Приходи од продажба на услуги врз основа на програмата за одржување на коритото на река Вардар, нејзините притоки, отворени канали и расчистување на диви депонии | 3.815.985,00 |
| 2. | Приходи од продажба на услуги врз основа на програмата за одржување и изведба на светлосна сообраќајна сигнализација | 3.954.327,00 |
| 3. | Приходи од продажба на услуги врз основа на програмата за одржување и изведба на хоризонтална и вертикална сообраќајна сигнализација | 10.988.107,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | Приходи од продажба на услуги врз основа на програмата за одржување и реконструкција на сообраќајници во надлежност на Град Скопје, пешачки и велосипедски патеки и јавни рекреативни површини на подрачјето на Град Скопје | 51.567.810,00 |
| | **Вкупно:** | **70.326.229,00** |

Во следниот графикон ќе биде прикажано процентуалното учество на приходите по дејности по налог на Град Скопје во вкупните реализирани приходи по налог на Град Скопје за период од јули до септември 2022 година.

***Графикон 2***

**Приходи по налог на Град Скопје за период од јули до септември 2022 година**




Најголемо учество во вкупните приходи по налог на Град Скопје имаат приходите по основ на одржување на сообраќајници, пешачки и велосипедски патеки и сл. (73,33%), а најмало учество во вкупните приходи по налог на Град Скопје имаат приходите имаат приходите по основ на одржување на корито на река Вардар (5,43%).

**<u>Приходи од продажба на услуги на Други инвеститори за период од јули до септември 2022 година</u>**

Приходите кои се реализирани во период од јули до септември 2022 година по налог на други инвеститори изнесуваат **256.745,00 денари**. Во периодот од јули до септември 2022 година овие приходи се остварени врз основа на асфалтирање на улици и пристапни патишта.

### 3.1.2.Останати приходи

Останати приходи се група на приходи кои во период од јули до септември 2022 година изнесувале **3.554.051,00 денари.** Останатите приходи за анализираниот период ќе бидат прикажани во следната табела:

***Табела 4***

| Ред. број | ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | Од јули до август 2022 година |
|---|---|---|
| 1. | Приходи од субвенции за работници ангажирани со Одлука од Совет | 12.705,00 |
| 2. | Приходи од претходно одложени приходи | 2.701.025,00 |
| 3. | Приходи од минати години | 488.972,,00 |
| 4. | Приходи од административни такси | 3.250,00 |
| 5. | Приходи наплатени камати на утужени побарувања | 317.351,00 |
| 6. | Останати приходи | 30.748,00 |
| | **Вкупно:** | **3.554.051,00** |

Во следниот графикон е прикажано учеството на поедини видови на останати приходи во вкупните останати приходи за период од јули до септември 2022 година.

***Графикон 3***




Најголемо учество во вкупните реализирани останати приходи имаат останатите приходи од претходно одложени приходи (76%), а најмало учество во вкупните реализирани останати приходи имаат приходите од административни такси (0,09%).

## 3.2. ВКУПНИ РАСХОДИ

Вкупните расходи за периодот 01.01.-30.09.2022 г. се во износ од **183.634.786,00** денари и се за **65.582.585,00** денари **помали** од расходите за истиот период во 2021 г. кога вкупните расходи изнесуваат **249.217.371,00 денари** односно **намалени се за 26 %.**

Расходите за периодот од јули до септември во 2022 година изнесуваат **78.755.163,00** денари и се прикажани во следната табела:

*Табела 5*

| Конто | РАСХОДИ | Од јули до септември 2022 година |
|---|---|---|
| 400 | Потрошени материјали -производство | 18,434,749.00 |
| 401 | Потрошени материјали-администрација | 134,742.00 |
| 402 | Потрошена енергија - производство | 6,768,945.00 |
| 403 | Потрошена енергија - администрација | 1,210,377.00 |
| 404 | Потрошени резервни делови - производство | 906,539.00 |
| 405 | Потрошени резервни делови – администрација | |
| 407 | Трош.за сит.инв.автогуми - производство | 371,237.00 |
| 408 | Трошоци за ситен инвентар -администрација | |
| 411 | Поштенски и телекомуникациски услуги | 293,374.00 |
| 413 | Услуги за одржување и заштита | 308,415.00 |
| 414 | Наемнини | 344,778.00 |
| 415 | Комунални услуги | 255,548.00 |
| 419 | Останати услуги | 3,164,349.00 |
| 420 | Вкалкулирани плати - производство | 32,888,588.00 |
| 421 | Вкалкулирани плати - администрација | |
| 422 | Други надоместоци за вработени | 184,355.00 |
| 430 | Амортизација | 2,353,783.00 |
| 440 | Дневници за службен пат во странство | |
| 441 | Надомест на трошоци за вработени | |
| 442 | Трошоци за УО и НО | 466,671.00 |
| 444 | Репрезентација | 3,304.00 |
| 445 | Трошоци за осигурување | 342,794.00 |
| 446 | Банкарски услуги | 37,308.00 |
| 447 | Даноци, придонеси, членарини | 1,603.00 |
| 448 | Останати трошоци за користење на права | |
| 449 | Останати трошоци | 3,363,195.00 |
| 455 | Вредносно усогласување на краткорочни побарувања | |
| 467 | Расходи за дополнително одобрени попусти, рабат и сл. | |
| 468 | Казни, пенали, надомести на штета | 835,658.00 |
| 469 | Трошоци од минати години | 11,240.00 |
| 475 | Расходи од негативни курсни разлики | 923.00 |
| 479 | Останати финансиски расходи | 6,072,688.00 |
| | **Вкупно:** | **78,755,163.00** |

**4.ЗАВРШЕН ДЕЛ**

Од изнесените податоци погоре во Извештајот за период од јули до септември 2022 година можат да се извлечат следниве заклучоци:

1. **Вкупните приходи** остварени за периодот од јули до септември 2022 година изнесуваат **74.137.025,00 денари** и се за **53.714.944,00 денари** помали од вкупните приходи остварени за истиот период 2021 година кога изнесувале **127.851.969,00 денари.**
2. **Вкупните расходи** за периодот од јули до септември во 2022 година изнесуваат **78.755.163,00 денари** и се за **40.410.966,00 денари** помали од вкупните расходи за периодот од јули до септември во 2021 година изнесувале **119.166.129,00 денари.**
3. Во периодот 01.07.-30.09.2022 г како резултат на поголеми вкупни расходи од приходи прикажана е **загуба** од **4.618.138,00 ден**. За истиот период 2021 г остварена е добвка од **8.685.840,00 ден**.
4. **Вкупните приходи** остварени во периодот 01.01.-30.09.2022 изнесуваат **197.133.314,00 денари** и се помали за 89.622.347,00 денари (намалени се за 31%) од вкупните приходи остварени во период 01.01.-30.09.2021 година кога изнесувале **286.755.661,00 денари.**
5. **Вкупните расходи** остварени во периодот 01.01.-30.09.2022 изнесуваат **183.634.786,00 денари** и се помали за 65.582.585,00 (намалени се за 26%) од вкупните расходи остварени во 01.01.-30.09.2021 година кога изнесувале **249.217.371,00 денари**.
6. Во периодот 01.01.-30.09.2022 година остварена е **добивка** во износ од **13.498.528,00** ден. и е помала за 24.039.762,00 денари во однос на остварената добивка во истиот период во 2021 година кога изнесувала **37.538.290,00** денари.

**Изготвил:**
м-р Слаџана Ќуиќ

Одобрил:
**Раководител на Сектор за финансиско работење**
Виолета Стаменовска

**ВД Директор**

Саид Саид